# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br><br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 27.02.2023 ГОДИНА<br><br>БРОЈ 2 ГОДИНА 2023<br><br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br><br>Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Исправка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Исправката на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Исправката на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани".

Бр. 09-284/2
27.02.2023 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/2002), член 28 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ''бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 17 ст.1 точка 4 од Статутот на општина Кривогаштани (Службен гласник на општина Кривогаштани бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19) Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023г. донесе:

## ИСПРАВКА НА БУЏЕТ
## НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2023 г.

Член 1

Се врши исправка на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година бр. 08-1380/9 од 26.12.2022 година и тоа:

Во член 1 од Фискалната табела во Оштиот дел во делот III. Суфицит се брише знакот „-“ , а во делот IV. Финансирање се додава знакот „-“

Во останатиот дел Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година останува непроменет.

Член 2

Исправката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/3 Претседател на Совет
27.02.2023 година на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/3 Градоначалник на
27.02.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 И Службен весник на Република Северна Македонија 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република СевернаМакедонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите,јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20, 172/21) ), член 17 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кривогаштани (‘’Службен гласник на општина Кривогаштани’’ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе :

## **О д л у к а**
## **за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година**

### **Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година бр. 08-1380/10 од 26.12.2022 г. и тоа:

Во член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи: „Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,7, а основицата на која се пресметува изнесува 26.755 денари“.

Во член 14 став 2 се менува и гласи: ,,Вработениот има право на регрес на годишен одмор во висина од најмалку 9,000 ден. нето, под услов вработениот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај работодавачот.,,

Во член 18 став 2 се менува и гласи; „во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30,000 ден, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени за издржување) му се исплаќа парична помош во висина од 15,000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 –Други трансфери. “

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/4 Претседател на Совет
27.02.2023 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/4 Градоначалник на
27.02.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година**

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на 23.02.2023 година, го разгледа Кварталниот извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/5 — Претседател на Совет на
27.02.2023 год. — Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Горан Новакоски

---

ПРИЛОГ: Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за прогласување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година

1. Се прогласува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/5 — Градоначалник на
27.02.2023 год. — Општина Кривогаштани
Кривогаштани — Николче Мискоски

ПРИЛОГ: Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година**

1. Се прогласува Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/6
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

ПРИЛОГ:План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/7 Градоначалник на
27.02.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

ПРИЛОГ: Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/8 | Градоначалник на
27.02.2023 год. | Општина Кривогаштани
Кривогаштани | Николче Мискоски

---

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата (Сл. Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Сл. Весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани бр.01-52/1 од 13.02.2023г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-246/9 | Претседател на Совет на
27.02.2023 год. | Општина Кривогаштани
Кривогаштани | Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за материјално-финансиско работење на ЈОУДГ „Весело Штркче„ с. Кривогаштани, општина Кривогаштани за 2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за материјално-финансиско работење на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с. Кривогаштани, општина Кривогаштани за 2022 година што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за материјално- финансиско работење на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с. Кривогаштани, општина Кривогаштани за 2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/9
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишен извештај за материјално- финансиско работење на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с. Кривогаштани, општина Кривогаштани за 2022 година**

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 27.02.2023 година, го разгледа Годишниот извештај за материјално-финансиско работење на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с. Кривогаштани, општина Кривогаштани за 2022 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/10 Претседател на Совет на
27.02.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ „Весело Штркче“ с.Кривогаштани, општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ „Весело Штркче“ с.Кривогаштани, општина Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ „Весело Штркче“ с.Кривогаштани, општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/10 Градоначалник на
27.02.2023 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр. бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023г. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ „Весело Штркче“ с.Кривогаштани, општина Кривогаштани**

1.Со овој Заклучок се врши усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ „Весело Штркче“ с.Кривогаштани, општина Кривогаштани.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/11
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Заклучокот за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/11
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ’ бр. 5/2002), член 17 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кривогаштани (’’Службен гласник на Општина Кривогаштани’’бр. бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 27.02.2023г. донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани**

Член 1

Со овој Заклучок се усвојува Годишната завршна сметка за 2022 година на ООУ „Манчу Матак“ Кривогаштани.

Член 2

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/12<br>27.02.2023 год.<br>Кривогаштани

Претседател на Совет на<br>Општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Мартин Најдоски од Воѓани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Мартин Најдоски од Воѓани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Мартин Најдоски од Воѓани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/12
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Мартин Најдоски од Воѓани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Мартин Најдоски од Воѓани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 3.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Мартин Најдоски од Воѓани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-246/14
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/13
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе:

## ОДЛУКА
**за одобрување на финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 3.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Винета Блажеска од Подвис.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-246/14
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/14
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (''Службен гласник на Општина Кривогаштани'' бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 3.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2023 година на Александар Мискоски од Обршани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр.08-246/15
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на трајно користење на метални контејнери за отпад на ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање на трајно користење на метални контејнери за отпад на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани што Советот на општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 27.02.2023 година.

2. Одлуката за давање на трајно користење на метални контејнери за отпад на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-284/15
27.02.2023 год.
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5 /2002) и член 15 став 1 точка 4 и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Сл.гласник на Општина Кривогаштани,, бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 27.02.2023 година донесе:

## Одлука

**За давање на трајно користење на метални контејнери за отпад на на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се даваат на трајно користење метални контејнери и пластични канти за отпад на Јавното претпријатите „Пелагонија„ Кривогаштани и тоа:

1. Метални контејнери за отпад со капацитет 1,1 м3- 60 парчиња
2. Метални контејнери со отвор за пластика со капацитет 1,1 м3- 15 парчиња
3. Метални контејнери со отвор за хартија со капацитет 1,1 м3- 15 парчиња
4. Пластични канти за отпад со капацитет 120 л—1000 парчиња

Член 2

Металните контејнери и пластичните канти за отпад се финансирани и набавени согласно договорот за реализација на проектот „Подобрување на капацитетите на општина Кривогаштани за управување со отпад„ склучен со Министеретво за локална самоуправа на Република Северна Македонија -Биро за регионален развој број 13-796/1 од 28.09.2022 (број на Биро за регионален развој) и број 05-525/4 од 30.09.2022 година (број на Општина Кривогаштани) и истите ќе бидат распоредени од страна на Јавното претпријатите „Пелагонија„ Кривогаштани во сите населени места во Општина Кривогаштани.

Член 3

Одлуката стапува во сила на денот на донесување, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр.08-246/16<br>27.02.2023 год.<br>Кривогаштани

Претседател на Совет на<br>Општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**
**на акти донесени на 22-ра седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 27.02.2023 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**


1.Заклучок за прогласување на Исправка на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година……………………………………………………………………………………………………………1

-Исправка на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година……………………………1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година.………………………2

-Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2023 година…………………………………………………………..3

3. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година...........................................................................................................................4

- Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година.................................................4

4. Заклучок за прогласување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година...........................................................................5

5. Заклучок за прогласување на План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година............6

6. Заклучок за прогласување на Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 година.........7

7. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани..............................................................................7

- Одлука за давање на согласност на Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работни места на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани..............................................................................................8

8. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за материјално финасиско работење за 2022 година на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани........................................................................................................9

- Заклучок за усвојување на Годишен извештај за материјално финасиско работење за 2022 година на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани.................................9

9. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани.......................10

- Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани.......................................................................10

10. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани..............................11

- Заклучок за усвојување на Годишна завршна сметка за 2022 година на ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани.......................................................................12
11. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Најдоски Мартин од Воѓани..........................................................................12
- Одлука за одобрување на финансиски средства на Најдоски Мартин од Воѓани.......................................................................................................13
12. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис....................................................................14
- Одлука за одобрување на финансиски средства на Винета Блажеска од Подвис.......................................................................................................14
13. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани.....................................................15
- Одлука за одобрување на финансиски средства на Александар Мискоски од Обршани.......................................................................................................15
14. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на трајно користење на метални контејнери за отпад на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани…………...............16
- Одлука за давање на трајно користење на метални контејнери за отпад на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани.........................................................................17

ПРИЛОГ:- Квартален извештај (четврт квартал) за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2022 година,
- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 година,
- План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за периодот 2023-2026 година,
- Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Кривогаштани за 2022 година.

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**